[1]

Македонија 17. November 2023 - 13:42

Серија претреси, пронајдено оружје, приведени шест лица

Во текот на вчерашниот ден (16.11.2023) во посебни акции, полициски службеници извршија претреси во Виница, Македонски Брод, Дебрца, гостиварско и гевгелиско, при што се приведени шест лица и пронајдени се пиштол, три ловечки пушки, четири воздушни пушки, муниција и други предмети. Во еден од претресите, во Виница пронајден е пиштол, а во друг претрес во с.Калиште, општина Врапчиште, пронајдени се две ловечки пушки и муниција. Министерството за внатрешни работи и во наредниот период продолжува со интензивните акции за сузбивање на нелегалното поседување на оружје.

Во продолжение сите случаи подетално:
На 16.10.2023 околу 16.00 часот во с.Калиште, општина Врапчиште, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода Ф.С.(47) од с.Калиште. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени ловечка пушка „Сухл“ калибар 12мм со 23 патрони калибар 12 мм и ловечка пушка-пумпарица без потребните документи. Ф.С. е задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 16.11.2023, полициски службеници од ОВР Македонски Брод и ОВР Прилеп при СВР Битола ги лишиле од слобода М.Т.(35), М.М.(45), двајцата од с.Брезница, општина Македонски Брод и Б.С.(44) од с.Сарандиново, општина Долнени. При претрес во куќа во с.Тажево, општина Македонски Брод, која ја користи Б.С.(44), извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе куршуми и патрони со различен калибар, ловечки ножеви, како и различна опрема за оружје. Инаку, во куќата биле затекнати М.Т. и М.М., кои изјавиле дека биле пратени од Б.С. да ги отстранат од куќата и да ги однесат на друго место. Додека, при претрес во куќа во с.Сарандиново, сопственост, на Б.С., биле пронајдени и одземени фалсификувана службена легитимација и други предмети поврзани со кривичното дело. По документирање на настанот против лицата ќе следува соодветна пријава.

На 16.11.2023 во 14.30 часот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Охрид го лишија од слобода Б.К. (41) од селото Ботун, општина Дебрца. При претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, пронајдени и одземени се ловечка пушка „Црвена застава“ и 15 куршуми различен калибар, кои нелегално ги поседувал. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 16.11.2023 година, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија го лишија од слобода Г.Д. (37) од село Мрзенци, гевгелиско. При претрес на неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени четири воздушни пушки, 184 куршуми со различен калибар, два патрони за ловечка пушка и една чаура. Запознаен е Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.11.2023 во периодот од 12.30 до 14.30 часот, со судска наредба, полициски службеници од ОВР Виница извршиле претрес во домот и други простории на Ј.Р.(60) во Виница и во с.Градец, виничко. При претресот, извршен во присуство на неговата сопруга и неговиот брат, бил пронајден и одземен пиштол „Валтер“ калибар 4.5 мм. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

МАКЕДОНИЈА

Јаневски: Македонија, Србија и Албанија треба да бидат една туристичка дестинација

Прво реформи, па потоа пари од Брисел за развој на Западен Балкан

Судството да работи за да не се шири црната листа на САД

[1]

ПОПУЛАРНО ОД МАКЕДОНИЈА

Најчитани | Најсподелувани

Тренчевска: Со новиот пакет антикризни мерки ќе...
17.11.2023

Маж повеќепати ја избодел сопругата пред детето...
17.11.2023

Спасовски и Мадиќ ќе извршат увид во градежните...
17.11.2023

Серија претреси, пронајдено оружје, приведени...
17.11.2023

НОВО НА СИТЕЛ

НАЈНОВИ ВЕСТИ | НАЈНОВИ ВИДЕА



Македонската кикбокс репрезентација отпатува на Светското кикбокс првенство во Португалија

Џафери: Важно е ЕУ да не го измести фокусот од Западен Балкан и да не ја одлага интеграцијата



Маж повеќепати ја избодел сопругата пред детето во Скопје



Кривична пријава против двајца полициски службеници поради примање поткуп

Уапсен сенатор во Франција – дрогирал пратеничка со намера да ја силува



Луѓето панично бегаа од трговскиот центар, таванот се рушеше: Драматична снимка во Филипините | ВИДЕО



Столтенбер во официјална посета на Скопје



Мицкоски: За шест години власта потроши 25 милијарди евра, да ги прашаме граѓаните што направија

ПОВЕЌЕ ВЕСТИ

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | БАЛКАН | СВЕТ | БИЗНИС | СПОРТ | ЗАНИМЛИВОСТИ

© 2023 Сител Телевизија